Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 305/0306
01.11 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ти октомври 2022 година, врз основа на примена жалба од Силвана Кржовска, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „МКДенес.мк“, насловен „Нов скандал: Данела ја фати директорката на Гимназијата ЈБТ со рачето во медот“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 7-ми октомври 2022 година, Силвана Крџовска, преку полномошник, адвокат Андреа Петрова од Адвокатско друштво „Менкиновски“, поднесе жалба за текстот со наслов „Нов скандал: Данела ја фати директорката на Гимназијата ЈБТ со рачето во медот“, објавен на 16-ти септември 2022 година на интернет – порталот „МКДенес.мк (www.mkdenes.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, необјавување на извинување побарано од жалителот, мешање на факти и мислење, вест и коментар, повреда на начелото дека ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација, тој има право за тоа да ја информира јавноста и нетранспарентност на онлајн медиумот. Во овој контекст, подносителот на жалбата упатува на повреда на членовите 1, 2, 3 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија и отстапување на член 19 од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите.

Жалителот посочува дека во текстот се изнесени неточни информации и апсолутна пристрасност во информирањето, со кои била евидентна намерата на онлајн медиумот да им наштети на честа и угледот на директорката на СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“, Силвана Крџовска. Жалителот забележува и дека објавениот текст не содржи име на автор, како и дека медиумот нема наведено целосни податоци во импресумот.

Подносителот на жалбата, меѓудругото, посочува дека медиумот во текстот неточно и непрецизно пренел наводи на советникот во Град Скопје, Стефан Андоновски , односно дека бројките искажани во неговата изјава не се совпаѓале со бројките објавени во спорната содржина, кои биле зголемени за неколку стотици илјади денари. Тоа, според жалителот, претставува искривување на фактите на изворот од каде порталот ја црпи наводната вест.

*„Советникот во неговиот говор истакнува статистика за последните четири години ВКУПНО, а онлајн медиумот ја пренесува информацијата дека наводно потрошените парични средства на јавни набавки биле само за период од КОВИД пандемијата, односно во период од една година. Онлајн медумот ги прикрил дел од изнесените податоци од страна на советникот, со намера, објавениот текст да формира став за личноста како криминогена“,* се вели во поднесената жалба.

Во продолжение, подносителот на жалбата потенцира дека медиумот воопшто не се обратил до директорката на Гимназијата, Силвана Крџовска, ниту побарал таа да ја каже својата страна на приказната, како и активностите што ги презела како раководител во училиштето. Тој воедно смета дека порталот „МКДенес.мк“ прикрил, односно премолчил важни информации, чие објавување би влијаело врз разбирањето на содржината од страна на читателите и врз формирањето на ставот за личноста на г-ѓа Крџовска, што во случајов, било еднакво на намерно искривување на реалноста и создавање невистини.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Жалителот наведува дека до поднесувањето на оваа претставка до Советот за етика, надлежен орган на прогон немал поведено постапка по допрен глас или по индиции за Гимназијата „Јосип Броз Тито“.

Жалителот, понатаму наведува дека во оспорениот текст е прекршен и член 13 од Кодексот на новинарите, односно дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот, како и во член 3 од Кодексот, кој налага дека новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демантии и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. Во овој контекст, подносителот на жалбата вели дека порталот „МКденес.мк“ не го објавил Барањето за извинување и јавно повлекување на спорниот текст, упатено до медиумот од директорката на Гимназијата, Кржовска. Оттука, освен член 3 од Кодексот на новинарите, жалителот смета дека медиумот ги повредил и член 16 од Уставот и неколку членови од Законот за медиуми и од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Во прилог на жалбата, упатена од Адвокатско друштво „Менкиноски“, беше доставено и полномошно од г-ѓа Силвана Кржовска, импринт од спорниот текст и од Барањето за извинување и јавно повлекување испратено до издавачот на медиумот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „МКДенес.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот накусо одговори на дел од наводите на жалителот. Од „МКДенес.мк“ потенцираат дека до нив воопшто не било доставено барање за објавување демант, каде што се споменувало името на предметното лице.

*„А како би демантирале споделена вистина во јавноста? Нормално дека такви лукративни ликови се служат исклучиво со манипулации, за што ве повикуваме да внимавате на односот со нив. Ве известуваме дека имаме нови сознанија за криминално поведение на истото лице, кои ќе бидат споделени со јавноста следните неколку денови“,* се вели во кусиот одговор на медиумот во однос на наводите на жалителката.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот на порталот „МКДенес.мк“ се прекршени членовите 1, 3 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:** „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:** „Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација“.*

***Член 13:** „Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „МКДенес.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28-ми октомври 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорните содржини. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Се работи за текст без автор. Содржината несомнено е од широк јавен интерес, зашто прашањата за начинот на кој државните училишта, во случајов, СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ Скопје, ги користат буџетските средства се легитимен предмет на интерес на новинарството и не смеат да биде изземени од темите за кои јавноста има право да биде информирана. Сепак, Комисијата се согласи дека новинарскиот пристап на кој „МКДенес.мк“ ја обработил веста, ниту приближно не ги задоволува основните етички и професионални стандарди.

Комисијата заклучи дека текстот е еднostран и тенденциозен. Темата е недоволно истражена и поткрепена со податоци, изборот на факти е селективен и не нуди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата. Притоа, медиумот изнесува сериозни

обвинувања за наводно несовесно работење и за незаконски дејствија при јавните набавки од страна на директорката на Гимназијата „Јосип Броз Тито“, Силвана Кржовска, која е и жалител во оваа постапка. Авторот, наводите за потенцијална злоупотреба изразена во милионски суми ги базира само врз основа на изјави на градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска и на Советникот на Град Скопје, Стефан Андоновски, без воопшто да посочи линк до наводите на двајцата функционери или пак, да презентира нивни цитати, транскрипти или принтскринови за да ги поткрепи тврдењата. Станува збор за низа обвинувања и квалификации на сметка на директорката, кон кои авторот на текстот, без разлика на тврдењата на изворот, морал да пристапи со особено внимание и самиот дополнително да ја истражи веродостојноста и кредибилноста на тие тврдења. Во отсуство на потврда од официјални извори, новинарот морал да покаже резерва, воздржаност, па дури и сомнеж кон тврдењата кои ги презентира, наместо да ги пласира во облик на конечна и апсолутна вистина. Ова од причини што медиумот воопшто не се потрудил самиот да ги провери информациите и да даде појасна и сеопфатна слика на темата, која сама по себе, заслужува сестран и избалансиран приод.

Став на Комисијата е дека во текстот недостигаат повеќе агли. Не е контактирана ниту една од засегнатите страни, со што не е испочитувано основното новинарско правило за „втора страна“. Авторот не побарал мислење ниту од директорката на училиштето, која е предмет на обвинувања, од Град Скопје под чија надлежност се средните училишта, ниту пак се обратил до Јавното Обвинителство за да добие потврда дали за изнесените тврдења можеби е отворена постапка или обвинителен акт. Ова уште повеќе што авторот на моменти прејудицира вина, поставува и наметнува прашања околу случајот, а самиот не се потрудил да обезбеди ниту еден одговор од извори кои можат да ги потврдат изнесените тврдења, да изнесат факти или да дадат друг агол на проблемот.

Оттука, Комисијата утврди дека во текстот на „МКДенес.мк“ е прекршен **член 1** од Кодексот на новинарите. Оваа отстапка особено е нагласена во следните реченици од текстот:

***„Имено, директорката на ЈБТ имала омилена фирма и низ сите набавки кои ги спровела, случајно секогаш истата фирма победувала.“***

***„Пазете, за одржување на зграда во гимназијата Јосип Броз Тито биле потрошени фантастични 25.000.000,00 (милиони).“***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Постулат на новинарската професија е да се обезбеди сеопфатно информирање, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во новинарскиот текст да го кажат својот став. Ова е особено важно во случаите кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение, Комисијата утврди дека оспорениот текст изобилува и со коментари и лични ставови на авторот, без да се направи јасна дистинкција меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот, што е спротивно и на **член 13** од Кодексот на новинарите. Оваа отстапка е особено забележлива во следнава реченица:

***„Оваа директорка, гимназијата ЈБТ која беше крем во средното образование во Македонија, ја претвори во дно на истото, и по квалитет и успех и по број на запишани ученици.“***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го претставаат како факт. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот, за да се избегне дезинформирање или манипулирање со публиката.

Онлајн медиумите, при пренесувањето тврдења на политички субјекти или други извори, ќе настојуваат секогаш кога е тоа можно да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на “сервирани факти“ од некој друг. Со тоа, на публиката ќе ѝ овозможат да прави разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми.

Сублимирајќи го горенаведеното, Комисијата оцени и дека медиумот имал обврска, но не го објавил Барањето за извинување и јавно повлекување на спорниот текст упатено од жалителката до издавачот на онлајн медиумот „МКДенес.мк“. Иако порталот во одговорот на жалбата уверуваше дека до нив не пристигнало никакво барање, од увидот во документацијата на жалителот Комисијата утврди дека Барањето навистина било испратено од страна на жалителката, преку нејзиниот полномошник. Иако не се работи за стандарден демант или исправка, Комисијата се согласи дека во отсуство на втората страна во предметната вест, „МКДенес.мк“ имал, пред сè, морална обврска да го објави Барањето за извинување или во најмала рака, соодветно да го прилагоди во форма на реакција.

Оттука, Комисијата констатираше прекршување и на **член 3** од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант или одговор во случај кога се работи за објавена неточна информација или кога во целиот текст се изнесени сериозни обвинувања.

Онлајн медиумите се обврзуваат навремено да ја исправат секоја објавена информација за која ќе се утврди дека не е точна, или да ја дополнат информацијата која е нецелосна. Ова особено се однесува на информациите што некому можат да предизвикаат материјална штета или да нарушат нечиј углед.

Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин, новинарот го штити и

сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи. Пожелно е новинарот или медиумот да се извини за грешката.

Комисијата, на крајот, нотираше и дека порталот „МКДенес“ нема импресум, што е спротивно на начелата за транспарентност на онлјан медиумите. Медиумите се обврзани на својата веб-страница на видливо и посебно означено место да објават Импресум со следниве податоци: име на правното или физичкото лице кое е сопственик на онлајн медиумот, име на одговорното лице, адреса на седиштето, контакт телефони, е-мејл адреса, име на уредникот, состав на редакцијата, како и сите други податоци што ја потврдуваат релевантноста на медиумот и кои му овозможуваат на читателот да упати претставка или жалба за известувањето на онлајн медиумот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595